# ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО МАКЕДОНИЈА

ПРОЕКТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОМОВИРАЊЕ НА ПРАВОТО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Координатор на проектот Пристап до правда во Македонија:

Фондација Отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111, 1000 Скопје
02/2477-188
02/2444-499

## Регистарот на здруженија за бесплатна правна помош достапен на веб страницата на Министерството за правда на Република Македонија

Министерството за правда на Република Македонија согласно член 21 став 2 од Законот за слободен пристап до иформации од јавен карактер (“Службен весник на РМ“ бр.13/06, 86/08, 6/10) како и член 27 и 28 став 1 од Законот за бесплатна правна помош (“Службен весник на РМ“ бр. 161/09, 185/11, 27/14) на својата веб страна го објави регистарот на здруженија овластени за давање на бесплатна правна помош. Информацијата е достапна на следната адреса: www.pravda.gov.mk - линк регистри.

Објавата на регистарот претставува уште еден чекор напред во промовирањето на проектот Пристап до правда во Македонија преку запознавање на пошироката јавност со давателите на бесплатна правна помош, и воедно е резултат на напорите на проектот Пристап до правда во Македонија за промоција и унапредување на правото на бесплатна правна помош.

Проектот Пристап до правда во Македонија е финансиран од Европската Унија. Проектот го координира Фондацијата Отворено општество - Македонија, а партнерски организации се Македонско здружение на млади правници - Скопје, Национален ромски центар - Куманово, Младински културен центар - Битола, Ехо - Штип, Избор - Струмица и 8-ми Септември - Скопје.

Повеќе детали за работата на овластените здруженија можете да добиете на www.pristapdopravda.mk .